„На секој веровесник му било дадено нешто преку што луѓето поверувале во него

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „На секој веровесник му било дадено нешто преку што луѓето поверувале во него. А она што ми беше дадено мене е објавата што Аллах ми ја објави. Затоа се надевам дека на Судниот ден ќе имам најмногу следбеници.“

[متفق عليه] [صحيح]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, спомнал дека сите веровесници Аллах ги поткрепил и им дал знаци и натприродни чуда со кои се докажувала нивната веровесничка мисија и со кои луѓето што ги гледале требало да поверуваат во нивната вистинитост. Тоа биле докази што човек не можел да ги одбие, иако некои од инает ги негирале и упорно им се спротивставувале. Неговиот, салаллаху алејхи ве селем, најголем знак и муџиза е Куранот – објавата што Аллах му ја објавил, во која има јасен доказ, повик кон верата и вести за иднината; чија корист ја опфаќа целата човечка историја – и оние што постоеле, и оние што ќе дојдат по нив. Потоа рекол: „Се надевам дека на Судниот ден јас ќе имам најмногу следбеници.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65231